**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ КРИВА ПАЛАНКА**

# ИСПРАВКА НА

# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА Бр.13


| | | |
|---|---|---|
| **Издавач: Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **04.12.2017 година** | **Гласникот е бесплатен** |

# Образложение

Се врши исправка на Сл.Гласник на Општина Крива Паланка бр.13 објавен на 01.12.2017 година, заради исправање на техничка грешка во врска со необјавена Одлука донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка - Одлука за доделување на еднократен надоместок за новороденчиња од Општина Крива Паланка Бр.09-2528/75 од 30.11.2017 година и Заклучокот за објавување на Одлука за доделување на еднократен надоместок за новороденчиња од Општина Крива Паланка бр.08-2528/76 од 01.12.2017 година, кои со денот на објавувањето на оваа исправка ќе бидат составен дел на Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.13.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 14 точка 40 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општината Крива Паланка“ бр.08/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 30.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на еднократен надоместок за новороденчиња од Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се донесува Одлука за доделување на еднократен паричен надоместок за првите 5(пет) новородечиња од Општина Крива Паланка чии родители се со постојано живеалиште во Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Еднократниот паричен надоместок за секое новороденче изнесува 6.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на надоместок од член два (2), родителите се должни да приложат извод од матична книга на родените на новороденчето, како и лична карта и трансакциска сметка од мајката за увид при поднесување на барањето.

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања.

Средствата за исплата на еднократен паричен надоместок се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.09-182/75 од 30.01.2015 година

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-2528/75**
**30.11.2017 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за доделување на еднократен надоместок за новороденчиња од Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за доделување на еднократен надоместок за новороденчиња од Општина Крива Паланка, што Советот на Општина Крива Паланка ја донесе на 4-та седница одржана на ден 30.11.2017 година;

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08–2528/76**
**01.12.2017 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**